# С Т А Т У Т

**НА**

**Здружение за образовно истражувачки развој**
**ЕУ ИНСТИТУТ Скопје**

**Октомври 2018**

Здружение за образовно истражувачки развој
ЕУ ИНСТИТУТ
Бр. 0307-001
15.10 2018 год.
Скопје

Врз основа на членовите 16, 18 и 23 од Законот за здруженија и фондации (“Сл. весник на РМ” бр. 52/2010, бр. 135/2011 и бр.55/2016), основачите на Здружението за образовно истражувачки развој ЕУ ИНСТИТУТ Скопје (во понатамошниот текст: *Здружението*) на Основачкото собрание одржано на ден 15.10.2018 год. го донесоа следниот

# С Т А Т У Т

## на

## Здружение за образовно истражувачки развој ЕУ ИНСТИТУТ Скопје

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Статут се уредуваат: името и седиштето на Здружението, целите,задачите и активностите, условите и начинот на стекнување на статус на член на здружението, исклучување и престанок на членство, начинот на учество на членовите во органите на здружението и нивните права, обврски и одговорности, органи на здружението, начин на работа,избор и разрешување, стекнување и располагање со имотот, начин на донесување на финансиски и други извештаи, начин и услови на обезбедување на јавност во работењето, начин на донесување, изменување и дополнување на статутот и другите општи акти на Здружението, начин на одлучување за статусни промени, престанок на здружението и начин на постапување со средствата и имотот на здружението при престанок на истото, начин на донесување на планови и програми, начин на вршење на стручни работи и останато.

**Член 2**

(1) Здружението за образовно истражувачки развој ЕУ ИНСТИТУТ Скопје (во натамошниот текст: *“Здружението”)* е организација основана согласно Законот за здруженија и фондации со основна цел на промовирање и развој на европските вредности преку оранизација и реализација на истражувачки и образовни проекти од областа европското право, меѓуетничките односи, човекови права, пазарот на капитал, медиуми и комуникации и други соодветни активности, како и преку други активности, како семинари, конгреси, тренинзи обуки и сл.
(2) Здружението се запишува во Регистарот на здруженија и фондации кој го води Централниот Регистар на Република Македонија.
(3) Здружението има својство на правно лице и за своите обврски во правниот промет одговара со целокупниот имот со кој располага.
(4) Здружението е основано на неопределено време.

## II. ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 3**

(1) Името на Здружението е:
**"Здружение за образовно истражувачки развој ЕУ ИНСТИТУТ Скопје".**

(2) Скратеното име на Здружението гласи: **„ЕУ ИНСТИТУТ Скопје"**.

(3) Во правниот промет со странство Здружението ќе користи назив на англиски јазик кој гласи: **"Association for educational research development EU INSTITUTE Skopje"** или скратениот назив на латинично писмо: **"EU INSTITUTE Skopje".**

**Член 4**

(1) Седиштето на Здружението е во Скопје, на адреса **ул. "9-ти Мај" бр. 42 стан 10.**

(2) Здружението дејствува на целата територија (подрачје) на Република Македонија.

**Член 5**

(1) Здружението има печат.

(2) Печатот е во кружна форма со испишан текст по краевите на кругот ***Здружение за образовно истражувачки развој***, а на средината стои логото на ***ЕУ ИНСТИТУТ Скопје***.

**Член 6**

(1) Здружението има штембил.

(2) Штембилот на Здружението е во правоаголна форма и со испишан текст ***Здружение за образовно истражувачки развој ЕУ ИНСТИТУТ Скопје*** под кој стои следниот текст: *број _____ од _____ год. Скопје*.

**Член 7**

(1) Здружението може да има и свој знак (амблем).

(2) Со одлука на Извршниот одбор може да се утврдат зборовите, буквите, сликите, цртежите, комбинациите на бои, како и комбинациите на сите напред наведени знаци кои ќе бидат составни елементи на знакот на Здружението.

## III. ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ

**Член 8**

(1) Основните цели на Здружението се:

- Промоција и развој на европските вредности и стандарди,
- Развој и унапредување на меѓуетничка толеранција и еднаквост;
- Подигнување на свеста na граѓаните во остварување на нивните човекови права;
- Развивање и подобрување на економската соработа со земјите од Европската Унија;
- Развој и промовирање на проекти од сферата на медиумите и комуникациите;
- Други цели со кои ќе се придонесе за градење на позитивно јавно мислење во врска остварување на ЕУ аспирациите на Република Македонија.

(2) Основни задачи на Здружението се:

- Реализација на истражувачки проекти во областа на европското право, политика, медиумите и комуникациите;
- Едукативни активности од различни области во контекст на европските вредности;
- Презентирање и користење на јавното мислење во унапредување на европските вредности;
- Реализација на проекти од област на меѓуетничките односи и човекови права;
- Испитување на пазарот на труд и капитал и останати активности;
- Компаративна анализа на важечка легислатива во однос на европската;
- Истражувања на правно-економските односи и фактори кои влијаат на поширокиот општествен развој во соодност со европските вредности;
- Предлагање на конкретни правни и економски решенија за приближување кон ЕУ;
- Испитување и анализа на состојбата со медиумите и комуникациите со цел на предлагање на иновативни решенија за унапредување.

**Член 9**

(1) Здружението ги остварува целите од член 8 преку:

- Учество на проекти за припремање на елаборати и стручни експертизи;
- Организирање на семинари, конгреси, трибини;
- Организирање на обуки и едукации за развивање комуникациски вештини, вештини потребни во процесот на директна продажба, говор на тело, вештини за менаџирање, како и други образовно-едукативни настани;
- Работа со граѓани на непосреден начин;
- Испитување на јавното мислење;
- Организирање на културно-уметнички манифестации;
- Издавање на книги, брошури и други печатени и електронски медиуми;
- Соработка со дипломатски претставништва;
- Соработка со домашни и меѓународни институции од областа на менаџментот, право и европски вредности;
- Организирање и остварување соработка со министерства и општини;
- Делење на пропагандно-рекламен-промотивен материјал,
- Останати активности преку кои можат да се постигнат предвидените цели.

## IV. УСЛОВИ И НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ЧЛЕН НА ЗДРУЖЕНИЕТО, ИСКЛУЧУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО

**Член 10**

(1) Член на Здружението може да биде секое правно или физичко лице кое ги исполнува законските услови и ги прифаќа целите на Здружението.

(2) Основачите на Здружението се членови на Здружението со еднакви права и обврски како и другите членови кои подоцна ќе пристапат на Здружението.

(3) Членувањето во Здружението е доброволно и слободно.

(4) Зачленувањето во Здружението се врши со поднесување пристапница на посебен образец утврден од страна на Извршниот одбор на Здружението.

(5) Здружението води регистар на своите членови кој се ажурира еднаш годишно.

(6) Здружението ја гарантира тајноста на личните податоци на членовите во согласност со прописите за заштитата на личните податоци.

**Член 11**

(1) Членството во Здружението престанува:

- по писмено барање на членот и
- во случај на смрт на член физичко лице или ликвидација и бришење на правно лице од соодветниот регистар кој се води во Централниот регистар на РМ.
- со исклучување, под услови и на начин предвиден со овој Статут.

**Член 12**

(1) Член на Здружението може да биде исклучен од Здружението во случај на:

- Постапување спротивно на одредбите на Статутот и другите општи акти на Здружението;
- Постапување спротивно на целите на Здружението;
- Повреда на угледот и репутацијата на Здружението;
- Нередовно плаќање членарина.

(2) За исклучување на член од Здружението, одлучува Собранието на здружението.

## V. НАЧИН И УЧЕСТВО НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ОРГАНИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НИВНИТЕ ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

**Член 13**

(1) Членовите на Здружението ги имаат следните права, обврски и одговорности:

1. активно да работат на остварувањето на целите и задачите на Здружението;
2. да избираат и да бидат бирани во органите на Здружението;
3. да учествуваат во работата на органите на Здружението согласно закон и овој Статут;
4. да го почитуваат Статутот и другите општи акти на Здружението и да се грижат за стекнување и одржување на угледот на Здружението;
5. да иницираат постапки и да даваат предлози и идеи за унапредување на работата на Здружението;
6. да бидат информирани за финансиско-материјално и друго работење на Здружението, односно неговите органи;
7. да вршат контрола над работењето на Здружението на начин и во постапка утврдена со овој Статут .

## VI. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО, НАДЛЕЖНОСТ, ОДГОВОРНОСТ, НАЧИН НА РАБОТА, ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ

**Член 14**

(1) Органи на Здружението се:

1. Собрание
2. Извршен одбор
3. Претседател на Здружението.

### 1. СОБРАНИЕ

**Член 15**

(1) Собранието е највисок орган на Здружението.

(2) Собранието го сочинуваат сите членови на Здружението.

**Член 16**

(1) Собранието на Здружението е надлежно да:

1.1 донесува Статут, како и негови измени и дополнувања;

1.2 донесува Програма за работа на Здружението и други општи акти, како и нивните измени и дополнувања;

1.3 усвојува годишен финансиски извештај и годишна сметка кои ги утврдува Извршниот Одбор;

1.4 усвојува годишен извештај за работата на Здружението кој го поднесува Извршниот одбор;

1.5 ги одобрува плановите за работа кои ги утврдува Извршниот одбор и му дава насоки и инструкции за работа на Извршниот одбор на Здружението;

1.6 ги избира и отповикува Претседателот на Здружението, ги именува и разрешува членовите на Извршниот одбор на Здружението;

1.7 одлучува за висината на членарината;

1.8 одлучува за промена на целите на Здружението;

1.9 одлучува за внатрешната организација на Здружението и за основање и укинување на огранoци и други облици на организирање на Здружението;

1.10 ги определува потписниците на жиро-сметката на Здружението;

1.11 одлучува за статусни промени на Здружението;

1.12 одлучува за престанок на Здружението;

1.13 одлучува за други работи предвидени со овој Статут како надлежност на Собранието како и за работи кои не спаѓаат во надлежност на другите органи на Здружението, а кои се од доменот на активностите на Здружението.

**Член 17**

(1) Собранието одржува редовна седница најмалку еднаш годишно.

(2) Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Здружението.

(3) Седница на Собранието се свикува и по предлог на било кој член на Извршниот одбор или по предлог на најмалку 1/3 од членовите на Здружението. Предлогот треба да биде образложен и да

содржи дневен ред. Ако се предлага донесување на одлуки, треба да биде приложен и предлог на истите.

(4) Седница по предлог на лицата утврдени во претходниот став на овој член се свикува најдоцна во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на поднесување на писмениот предлог. Ако Претседателот на Здружението не свика седница на Собранието во рок од 14 дена од денот на поднесување на предлогот, седницата ја свикуваат предлагачите.

**Член 18**

(1) Седница на Собранието се свикува со доставување на писмена покана испратена по електронска пошта до сите членови на Собранието, и тоа најмалку 5 работни дена пред одржувањето на седницата. Заедно со поканата се доставува и дневниот ред и документацијата потребна за расправање на седницата.

(2) Се смета дека Собранието има кворум за работа и одлучување доколку на истото се присутни мнозинството од вкупниот број на членови на Собранието.

(3) За текот и работата на Собранието се составува Записник кој го води записничар избран за секоја седница на Собранието. Записничарот се избира со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието и истиот не е задолжително да биде од редовите на членовите на Здружението.

(4) Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата.

(5) Записникот треба да содржи податоци за: времето и местото на одржувањето на седницата, лицата кои присуствувале и дневниот ред на седницата, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи го бројот на членовите кои гласале „за“ и „против“ одлуките усвоени на седницата.

(6) Записникот за текот и работата на Собранието, покрај записничарот го потпишуваат и Претседателот на Здружението или претседавачот, доколку во отсуство на Претседателот тој раководел со седницата и двајца членови на Собранието од редот на присутните членови кои се избираат на секоја поодделна седница на Собранието.

**Член 19**

(1) Доколку со овој Статут, друг акт на Здружението или со закон не е определено повисоко мнозинство, одлуките на Собранието ќе се сметаат за донесени доколку за нив гласало мнозинство од присутните членови на Собранието.

(2) Одлуките за престанок на Здружението, за статусни измени на Здружението , како и за промена на целите на здружението, се донесуваат со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Здружението.

(3) Гласањето за сите одлуки е јавно, освен доколку Собранието не одлучи да се гласа тајно.

**Член 20**

(1) Работата на Собранието може поблиску да биде уредена со Деловник за работа на Собранието.

## 2. ИЗВРШЕН ОДБОР

### Член 21

(1) Извршниот одбор на Здружението се состои од 3 (три) члена.

### Член 22

(1) Членовите на Извршниот одбор ги избира Собранието од редот на членовите на Здужението.

(2) Мандатот на членовите на Извршниот одбор е 2 (две) години со неограничено право на реизбор.

(3) Претседател на Здружението е по сила на функцијата член на извршниот одбор и истиот е воедно и Претседател на Извршниот одбор .

(4) Член на Извршниот одбор може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран. Одлуката за разрешување ја носи Собранието. Во случај на престанок на функцијата Претседателот на Здружението пред истекот на мандатот за кој е избран, на истиот му престанува по автоматизам и функцијата член и претстедател на Извршниот одбор.

(5) За своето работење Извршниот одбор е одговорен пред Собранието на Здружението.

### Член 23

(1) Извршниот одбор е надлежен да:

1.1 утврдува предлог на статут, како и предлози на други акти и одлуки чие донесување е во надлежност на Собранието;

1.2 предлага годишен план за работа и поднесува годишен извештај за работа до Собранието;

1.3 ја спроведува политиката, одлуките, заклучоците донесени од Собранието;

1.4 ги предлага финансискиот извештај и годишната сметка на Собранието заради усвојување;

1.5 се грижи за обезбедување на јавност во работењето на Здружението;

1.6 управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението;

1.7 дава согласност за ангажирање на физички и/или правни лица за вршење на определени стручни,административни,технички и помошни работи за Здружението;

1.8 одлучува за зачленување во сојузи и други домашни и меѓународни организации и ги избира претставниците на Здружението во истите;

1.9 врши други работи утврдени со овој Статут и други акти на Здружението.

### Член 24

(1) Извршниот одбор работи на седници.

(2) Претседателот на Здружението може да закаже седница секогаш кога смета дека е потребно одржување на таква, а воедно е должен да закаже седница и врз основа на писмено образложено барање на друг член на Извршниот Одбор. Седница на Извршниот одбор во секој случај мора да се одржи најмалку еднаш на секои три месеци.

(3) Покана за седница на Извршниот Одбор се доставува преку електронска пошта најдоцна 3 дена пред денот на одржувањето на седницата.

(4) Во исклучителни случаи, седница на Извршниот Одбор може да се закаже и по телефон, ако за тоа дадат согласност сите членови на Извршниот Одбор и ваквата своја согласност ја потврдат на записникот за конкретната седница.

(5) За седница на Извршен одбор се води записникот кој го потпишуваат сите членови што присуствувале на седницата.

(6) Управниот одбор може да донесува одлуки и без одржување на седница, односно без на истата да бидат присутни сите членови, доколку мнозинството гласови од вкупниот број членови дадат согласност за конкретната одлука.

(7) За сите одлуки донесени на начин определен во претходниот став на овој член, претседателот подготвува записник во којшто се евидентираат одлуките. Записникот го потпишуваат Претседателот на Здружението и сите членови на Извршниот одбор, најдоцна во рок од 10 дена од денот на давањето согласност за одлуката која што ја донеле без одржување седница.

(8) Давањето на согласноста за конкретна Одлука на Извршниот Одбор, која се донесува без одржување на седница или без присуство на седница *мора* да биде изразено писмено на начин од кој е јасно видлива согласноста за конкретната одлука, испратено по електронска пошта или со своерачен потпис даден на Записникот во кој е внесена Одлуката. Согласностите претставуваат составен дел на Записникот.

**Член 25**

(1) Седниците на Извршниот одбор се јавни и на нив може да присуствува секој член на Здружението, без право на дискусија и глас.

**Член 26**

(1) Се смета дека се исполнети условите за одржување на седница на Извршниот одбор доколку на истата се присутни мнозинство од членовите на Извршниот Одбор.

(2) Извршниот одбор одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови, освен доколку со закон, овој статут или друг акт на Здружението не е предвидено посебно мнозинство. Гласањето е јавно.

**Член 27**

(1) За работата на седниците на Извршниот одбор се води записник кој го води записничар. Записничарот се избира за секоја седница одделно, со мнозинство гласови од присутните членови на седницата. Записничарот не е задолжително да биде член на Извршниот Одбор.

(2) Записникот за работата на седницата на Извршниот Одбор го потпишуваат Претседателот и останатите членови кои се присутни на седницата, и записничарот.

(3) Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на седницата.

(4) Записникот треба да содржи податоци за начинот на којшто работел Извршниот одбор, времето и местото на одржувањето на седница, лицата кои присуствувале и дневниот ред, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале „за“ и „против“ одлуките усвоени на седницата. Во записникот може, по барање на членот кој гласал „за“ и „против“ да се внесе и причината зошто така гласал.

## 3. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 28**

(1) Собранието избира Претседател на Здружението од редот на членовите на Здружението.

(2) Претседателот се избира со мандат во траење од 2 (две) години.

**Член 29**

(1) Претседателот ја организира и координира работата на Собранието и се грижи за доследно спроведување на одлуките на Собранието.

(2) Претседателот на Здружението е по функција и член и Претседател на извршниот одбор на здружението.

(3) Претседателот го организира, координира и раководи функционирањето на Здружението, како и работењето на Здружението, и го застапува Здружението во односите со трети лица. Истиот е одговорен за законитоста на работењето на Здружението.

(4) Претседателот е должен својата работа да ја извршува совесно, уредно, морално и етички и да работи во корист на Здружението и членовите.

(5) Претседателот ги свикува седниците на Собранието и на Извршниот одбор согласно дневен ред кој го утврдува во консултации со останатите членови на Извршниот одбор.

(6) Во случај на спреченост на Претседателот да присуствува на седница на Собранието или Надзорниот одбор, со истата ќе раководи претседавач за конкретната седница избран со мнозинство на гласови од редот на присутните членови. Во случај на спреченост на Претседателот да свика седница, истиот може да овласти било кој друг член на Извршниот одбор да свика седница и да раководи со неа.

(7) Претседателот е должен да се грижи за обезбедување јавност во работењето на Здружението и контактира со јавноста,

(8) Претседателот е должен воедно да ја организира, координира и реализира соработката на Здружението со меѓународни институции и асоцијации.

(9) Претседателот на Здружението е надлежен за сите останати работи поврзани со активностите на Здружението кои согласно Сттаутот не се во надлежност на другите органи.

**Член 30**

(1) За своето работење Претседателот на Здружението е одговорен пред Собранието.

**Член 31**

(1) Претседателот на Собранието може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е избран врз основа на дадена писмена оставка која се доставува до Собранието или по иницијатива на ¼ членови на Здружението. Одлуката за разрешување на Претседателот ја носи Собранието со мнозинство гласови од присутните членови.

(2)При разрешување на постојниот Претседател на Здружението пред истекот на мандатот за кој е избран согласно претходниот став на овој член, Собранието е должно да именува нов Претседател на кој мандатот ќе му трае до истекот на мандатот за кој бил избран претседателот на чие место стапува.

**Член 32**

(1) Заради остварување на работите во рамките на надлежностите на Претседателот, каде што е потребно стручно знаење од определена област истиот има право да ангажира стручни лица со Договор по претходно одобрување на Извршниот одбор.

(2) Во случај на неопходност од постојан ангажман на лица со цел на континуирано извршување на одредени технички,административни и помошни работи, Претседателот на здружението може по своја оценка, а по претходно одобрување на Извршниот одбор, да вработува лица.

**Член 33**

(1) Претседателот може своето овластување за застапување на Здружението да го пренесе на адвокат или друго лице со издавање на полномошно.

## VII. СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТ

**Член 34**

(1) Здружението може да стекнува имот кој се состои од парични средства, ствари и права.
(2) Здружението за своите обврски одговара со целиот свој имот и средства.
(3) За покривање на трошоците на работењето Здружението ќе стекнува средства од следните извори:

- членарини од членовите, доколку Собранието одлучи да се плаќа членарина и ја определени висината на истата за определена година;
- грантови за определени проекти, донации и подароци;
- банкарски кредити и други видови заеми;
- други приходи согласно закон.

**Член 35**

(1) Средствата што Здружениот ги стекнува по основите од предходната одредба се во сопственост на Здружението.

**Член 36**

(1) Средствата на Здружението се употребуваат за остварување на целите на Здружението определени во Актот за основање, Програмата и овој Статут.
(2) Претседателот на Здружението и членовите на Извршниот одбор се должни да управуваат со средствата на Здружението и да работат со внимание на добар домаќин и во согласност на начелата на совесно, чесно и одговорно водење на работите на Здружението, во интерес на остварување на целите на Здружението определени со Актот за основање, Програмата за работа и овој Статут, а над личните интереси.
(3) Средствата на Здружението не можат да се исплаќаат на членовите на Здружението, основачите, членовите на органите или со нив поврзани лица освен во случаевите предвидени со овој Статут или одлука на Собранието и/или извршниот одбор , како и во случај на ангажман на член на Здружението во рамките на реализација на проект кој се спроведува во согласност со целите и задачите на Здружението определени во Статутот и Програмата или како надомест на трошок направен во врска учество во работа во органите Здружението.

## VIII. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ИЗВЕШТАИ

**Член 37**

(1) Извршниот одбор на Здружението утврдува Годишен финансиски извештај и годишна сметка на Здружението кои ги усвојува Собранието на Здружението.
(2) Годишниот финансиски извештај и годишната сметка до надлежниот државен орган во име и за сметка на Здружението ги доставува Претседателот на Здружението.

(3) Годишниот извештај за работа на Здружението го утврдува Извршниот одбор, а го усвојува Собранието на здружението.

## IX. НАЧИН И УСЛОВИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

**Член 38**

(1) Здружението ќе обезбеди јавност во работењето на Здружението.

**Член 39**

(1) Јавноста во работењето ќе се обезбеди на начин што работата на органите на Здружението ќе биде јавна и на седниците на истите ќе можат да присуствуваат сите членови на Здружението.

**(2)** Јавноста во работењето на Здружението ќе се обезбеди и преку контактите со средствата за јавно информирање, преку прес конференции, како и преку објавување на информации на веб страната на здружението.

## X. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ, МЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ И ОСТАНАТИТЕ ОПШТИ АКТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 40**

(1) Статутот и останатите општи акти на Здружението ги донесува Собранието.

(2) Предлог за измени и дополнувања на Статутот и останатите акти на Здружението може да даде Извршниот одбор на Здружението по свое сопствено наоѓање, по предлог на Претседателот на Здружението или по предлог на најмалку ¼ од постојните членови на Здружението.

(3) Предлогот се поднесува до Извршниот одбор и истиот мора да содржи образложение за причините за донесување на општиот акт или измените и дополнувањата на постоечкиот Статут или друг општ акт.

(4) Извршниот одбор е должен да донесе Одлука по предлогот за донесување на општ акт или измени и дополненија на Статутот или друг постоечки општ акт во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на предлогот.

(5) Извршниот одбор може да донесе Одлука за донесување на општ акт или измени и дополненија на Статутот или друг општ акт и по своја сопствена иницијатива, односно наоѓање, за што донесува Одлука.

(6) Предлог верзијата на измени и дополнувања на Статутот и останатите општи акти на Друштвото ја утврдува Извршниот одбор на Здружението.

(7) За сите измени и дополнувања на Статутот и останатите општи акти на Здружението одлучува Собранието на Здружението со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието.

## XI. НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ЗА СТАТУСНИ ПРОМЕНИ

**Член 41**

(1) За промена на целите на Здружението, за статусни промени на Здружението (спојување, поделба, присоединување итн.), како за престанок на постоење на Здружението одлучува Собранието на Здружението со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на Здружението.

(2) Статусните промени во Здружението се вршат на начин предвиден во закон.

## XII. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ СО СРЕДСТВАТА И ИМОТОТ

**Член 42**

(1) Здружението престанува да постои во следниве случаи:

- Одлука на Собрание на Здружението за престанок на постоење на Здружението донесена со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број членови на Здружението;
- со Одлука на Собрание на Здружението за статусна промена како резултат на која се предвидува престанок на Здружението како правен ентитет и негово бришење;
- со Одлука на надлежен суд;
- преку постапка на стечај и ликвидација на Здружението;
- доколку бројот на членови на Здружението падне под законскиот минимум определен во законот;
- доколку во две последователни години не е поднесена годишна сметка во согласност со закон;
- доколку измине двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на редовна седница на Собрание, а седница на Собрание не е одржана.

(2) Доколку Собранието не донесе Одлука за престанок на Здружението во случаите од алинеа 5, 6 и 7 од претходниот став на овој член, Одлука за престанок донесува судот по предлог на актуелниот Претседател (запишан во ЦРМ) или сите членови на Извршниот одбор.

(3) Во случај на престанок на работата на Здружението и спроведување на постапка за ликвидација во согласност со закон, а по намирување на обврските на Здружението кон трети лица, имотот што ќе преостане се впаричува на начин и во постапка утврдена согласно Законот за трговски друштва при постапка на ликвидација, по што паричните средства се распределуваат на членовите на Здружението или врз основа на нивна одлука донесена со 2/3 мнозинство преостанатите средства за распределба или во целост се отстапуваат на најсродното/ните здружение/ја со кои Здружението имало активна соработка во остварување на своите цели или кое има сродни цели и активности.

## XIII. НАЧИН НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Член 43**

(1) Програмата за работа на Здружението ја донесува Собранието на Здружението.
(2) Плановите за работа на Здружението ги донесува Собранието, на предлог на Извршнитот одбор на Здружението.

## XIV. ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА И НАДЗОР

**Член 44**

(1) Членовите на Здружението имаат право да вршат увид во работата на органите на Здружението.

(2) Секој член на Здружението има право да побара од актуелниот претседател на

Здружението да му дозволи увид во финансиските документи на Здружението. Претседателот е должен во рок од 5 (пет) работни дена по приемот на барањето да му овозможи на членот увид во финансиските документи и останати акти на Здружението. Непочитувањето на оваа обврска претставува основ за отповикување на Претседателот од функцијата пред истекот на мандатот за кој е избран. Одлуката за отповикување се носи во согласност со одредбите на овој Статут.

**Член 45**

(1) Доколку член на Здружението дознае за неправилности при примена на Статутот и/или другите акти на Здружението или во финансиското работење на Здружението, може за истото да го информира Собранието на Здружението на редовната седница или да побара свикување на вонредна седница во согласност со одредбите на овој Статут. Собранието ќе ја разгледа и оцени информацијата, а ако оцени за потребно ќе именува Комисија која ќе ја испита веродостојноста на тоа на кое се укажува или ќе ангажира, на сметка на Здружението, надворешен независен ревизор да ја испита работата на Здружението, односно на неговите актуелни органи. Доколку Комисијата, односно независниот ревизор оценат дека е сторена неправилност во примената на актите или во финансиското работење на Здружението, истото ќе претставува основ за разрешување на постојните членови на органите пред истекот на мандатот за кој се избрани. Доколку врз основа на наодите се оцени дека постојат основи за сомневање за сторен прекршок или кривично дело, за истото ќе бидат информирани надлежните органи на прогон. Доколку ангажираниот независен ревизор оцени дека не се сторени никакви неправилности во примена на актите или во финансиското работење на Друштвото, членот/членовите по чија иницијатива е покрената таа постапка ќе биде/бидат одговорни да ги надоместат направените трошоци за контрола и независно испитување на случајот.

(2) Актуелниот претседател на Здружението е должен да соработува со членовите на Комисијата која е формирана да го испита случајот/односно со независниот ревизор и на истите да им ги доставува бараните документи и информации. Членовите на Комисијата, односно независниот ревизор ќе се обврзат на чување на деловна тајна со потпишување на изјава и истите не ќе смеат да ги изнесуваат, односно пренесуваат или направат достапни тие информации, односно документи на трети лица кои не се членови на Здружението. Оваа обврска не се однесува на надлежните органи на кои согласно закон постои обврска таквите документи да им бидат доставени.

## XV. СТРУЧНИ РАБОТИ

**Член 46**

(1) Вршењето на определени стручни, административно-технички или помошни работи за потребите на Здружението може да им биде доверено и на надворешни физички или правни лица или преку вработување на определено или неопределено време.

(2) Вработувањата/ангажирањата ќе се регулираат во согласност со Законот за работни односи и Законот за облигациони односи со склучување на Договор за вработување или Договор за дело. Вработувањата односно ангажирањата се вршат врз основа на тековните потреби и можности на Здружението, а по претходно одобрување од Извршниот одбор.

## XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 47**

(1) За се што не е предвиднео со овој Статут ќе се применуваат директно соодветните законски прописи.
(2) Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

**15.10.2018 год.**

**Претседател на Здружението**

**Верица Пандилоска Гичева**